# ИЗВЕШТАЈ
# од јавна расправа по Третиот годишен извештај за имплементација на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за 2020 година одржана онлајн на ден 16.06.2021 година

Министерството за информатичко општество и администрација на 16 јуни 2021 година онлајн одржа јавна расправа за третиот Годишен извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 -2022) за 2020 година.

Целта на настанот беше презентирање на третиот Годишен извештај за спроведување на Акцискиот план на СРЈА (2018 -2022) за 2020 година, како и дискусија и размена на мислења и препораки за подобрување на имплементацијата и мониторингот на Стратегијата за реформа на јавната администрација.

Поканата за настанот, заедно со агендата и нацрт извештајот беа испратени до претставници од повеќе невладини организации и јавни институции по електронски пат на 09.06.2021 година.

На настанот присуствуваа претставници од граѓански организации и јавни институции, и тоа Институт за европска политика (ЕПИ), Центар за управување со промени (ЦУП), Метаморфозис, Државен завод за статистика (ДЗС) , Министерство за труд и социјална политика (МТСП) и Секретаријатот за европски прашања (СЕП) и тоа: Јетон Шаќири (МИОА), Лаура Идризи (МИОА), Есма Адиловиќ Фазлиќ (МИОА), Ангела Саплиева (МИОА), Марина Мијовска (ДЗС), Бранка Минчева Коцевска (ЦУП), Кристина Димовска (СЕП) ,Јулијана Караи (ЕПИ), Ќендреса Сулејмани (Метаморфозис) и Татјана Настеска (МТСП)

Настанот го отвори и го модерираше Лаура Идризи советник на министерот за администрација, при што ги поздрави присутните и им се заблагодари на

присуството и истакна дека консултацијата и комуникацијата со граѓанскиот сектор е од голема важност за МИОА, со цел вклучување на граѓанскиот сектор во креирањето на политики на инклузивен начин и соработка со граѓанските организации во клучните секторски реформи.
Министерот Јетон Шаќири им се обрати на присутните на настанот, се заблагодари на присуството и посочи дека Реформата во јавната администрација, е процес што е воден од МИОА, но за успешна реализација потребна е еднаква посветеност од сите вклучени страни. Притоа истакна дека основната заложба на МИОА е зајакнување на партнерството кое произлегува од потребата да се овозможи суштинско и структурно учество на граѓанското општество во клучните секторски реформи, како дел од процесот на пристапување кон ЕУ, имајќи во предвид дека Реформите во јавната администрација се клучни области кон пристапувањето на земјата кон ЕУ.

На крајот на обраќањето на настанот, им се заблагодари на сите учесници за придонесот и ја искористи приликата да го охрабри севкупниот невладин сектор во земјата активно да ги користи сите институционални консултативни механизми за консултација и соработка кои ги има на располагање со институциите на извршната власт, донаторската заедница и другите заинтересирани страни, на начин на кој несомнено ќе влијаат и придонесат кон унапредување на клучните секторски реформи и унапредување на потенцијалот на нашето општество во целост.

Пред почетокот на дискусијата, извештајот беше презентиран од страна на Есма Адиловиќ Фазлиќ, раководител на Одделение за координирање на Стратегијата за РЈА во МИОА. Во својата презентација истакна дека третиот годишен Извештај претставува преглед за напредокот во спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 и Акцискиот план и постигнатите резултати во

периодот јануари – декември 2020 година. Имено, Извештајот содржи информации за реализацијата на активностите предвидени да започнат со реализација во 2020 година, и активности кои започнале минатата година и се очекува да продолжат со реализација или да се финализираат во 2020 година. **Од вкупно 108 активности** за кои се известува во период јануари – декември 2020 година, **целосно спроведени се 18** активности, **спроведувањето е во тек на 24** активности, **а доцнат со реализација 66 активности**. Со тоа з**ададената временска рамка за 2020 година е 38,8 % реализирана.**

**Едновремено, посочи дека** Извештајот вклучува и податоци/преглед на состојбата на имплементација на Акцискиот план од донесувањето на СРЈА и АП (февруари 2018 година) до крајот декември 2020 година, со цел обезбедување целосен приказ на досегашната имплементација. Истакна дека во извештајот оваа година има и дел кој е новина, а тоа делот за влијанието на пандемијата со Ковид 19 врз имплементацијата на Стратегијата за РЈА за 2020 година. Во однос на содржината, го образложи степенот на реализација на активностите од Акцискиот план согласно предвидената временска рамка детално во секоја од приоритетните области, односно Креирање на политики и координација, Јавна служба и управување со човечки ресурси, Одговорност, отчетност и транспарентност и Давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата.

По презентацијата на Извештајот, Лаура Идризи ја отвори дискусијата и ги повика присутните доколку имаат забелешки, предлози или коментари да повелат.

На настанот се обрати Јулијана Караи (ЕПИ) истакна дека извештајот бил детално презентиран и дека се согласува со препораките кои произлегуваат од Извештајот и дека нема забелешки по истиот бидејќи дава реална слика на состојбата. Притоа посочи дека имаат добра воспоставена соработка со МИОА, дека се вклучени во подготовка на новиот предлог на ЗОРОДУ, но праша до каде се новите предлози на ЗВЈС, ЗАС и ЗВРС.

Лаура Идризи истакна дека во изминатиот период МИОА активно работи на новите предлози на законите во надлежност на МИОА и дека во скоро време ќе бидат ставени на ЕНЕР, каде целокупната јавност ќе има можност да доставува коментари и предлози по предлог законите.
Бидејќи никој друг не побара збор, настанот го затвори Лаура Идризи, им се заблагодари на присутните и посочи дека се надева во скоро време да заврши пандемијата КОВИД 19 и ќе имаме можност наредната средба со граѓанскиот сектор да биде организирана со физичко присуство. И на крај, посочи дека и во наредниот период продолжува соработката на МИОА со граѓанскиот сектор.

**Одделение за координација на Стратегијата за РЈА**